## Дневни билтени

**2015**

Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември

**2016**

**2017**

**2018**

**2019**

**2020**

**2021**

### Извадок на дел од дневни настани 07.10.2019

На 06.10.2019 во 03.00 часот полициски службеници од СВР Скопје, на ул. „Филип Втори Македонски“ ги лишиле од слобода А.Е.(35) од Скопје, Т.Б.(23) од Република Турција и Д.О.(22) од Скопје, затоа што при извршен преглед во патничко возило, во кое биле тројцата, била пронајдена марихуана. По документирање на случајот, против нив ќе бидат поднесени соодветни поднесоци.

На 06.10.2019 во 13.20 часот полициски службеници од СВР Скопје, на ул. „Козле" ги лишиле од слобода Ф.Ј.(19) и Д.С.(23), двајцата од Скопје, затоа што при извршен преглед кај нив била пронајдена марихуана. По документирање на случајот, против нив ќе бидат поднесени соодветни поднесоци.

На 07.10.2019 во 00.54 часот на Граничниот премин „Табановце'' од слобода бил лишен П.Н.(52) од Косово, поради тоа што за него имало изречена мерка „забрана за влез" во Р.С.Македонија од 19.09.2019 до 26.08.2022. П.Н. бил предаден на полициски службеници од СВР Куманово за понатамошна постапка.

Во текот на 04, 05 и 06.10.2019 на подрачјето на СВР Скопје преземени се мерки и активности и констатирано е дека **113** возачи управувале возила со брзина поголема од дозволената. Од сообраќај се исклучени **98**возачи, од кои: **36** возачи затоа што управувале возила под дејство на алкохол, **58** возачи затоа што управувале возила без да се стекнат со право на управување на моторно возило и **четири** возачи-почетници, кои не ги почитувале сообраќајните прописи согласно ЗБСП. Исто така, исклучени од сообраќај се и **41** возило, од кои **едно** возило било технички неисправно и **40** возила бидејќи биле нерегистрирани. Санкционирани се **14**возачи поради поминување на крстосница на црвено светло, **шест** возачи поради недавање првенство на минување на пешаци, **еден** возач поради неправилно престројување, **четири** возачи поради неправилно престигнување, **девет** возачи на мотоцикли поради неносење заштитен шлем, **15** возачи поради неносење сигурносен појас за време на управување на моторно возило и **17** возачи поради користење на мобилен телефон при управување на возило. Во однос на пешаците, санкциониран е **еден** пешак поради поминување коловоз вон пешачки премин. Во текот на изминатите денови издадени се **195** мандатни платни налози и **140**возила се подигнати со специјално возило „пајак".

На 06.10.2019 во 11.15 часот во СВР Струмица биле приведени Д.М.(22) и И.С.(39), двајцата од Богданци, затоа што на местото викано „Крива река" во Струмица, во патничко возило „цитроен џампер", со скопски регистарски ознаки, во кое биле двајцата, биле пронајдени 27 лица – мигранти (10 од Авганистан и 17 од Пакистан). По целосно документирање на случајот, против нив ќе биде поднесен соодветен поднесок.

Во периодот од 22.00 часот на 05.10.2019 до 04.00 часот на 06.10.2019 на територијата на СВР Велес била спроведена акциска контрола за откривање на возачи кои управуваат возило под дејство на алкохол. Притоа, биле откриени **17** прекршоци, од кои **12** во Велес и **пет** во Кавадарци. За сите прекршоци изречени се соодветни казни.

На 06.10.2019 во 15.00 часот на ул.„7-ми Септември" во Кавадарци се случила сообраќајна незгода помеѓу патничко возило марка „опел корса", со кавадаречки регистарски ознаки, управувано од А.К.(28) и мотоцикл, управуван од Љ.П.(24) од Кавадарци. Во незгодата со тешки телесни

повреди се здобил мотоциклистот и бил пренесен во Општата болница Кавадарци. Увид на местото извршила екипа од Полициската станица Кавадарци.

СВР Штип, во периодот од 22.00 часот на 05.10.2019 до 04.00 часот на 06.10.2019, спроведе засилена акциска контрола на возачи кои управуваат возила под дејство на алкохол. Од извршената контрола кај **30** возачи било утврдено присуство на алкохол. Сите биле исклучени од сообраќај, им биле одземени возачките дозволи и издадени им се мандатни платни налози. Санкционирани се и **28** останати прекршоци.

На 06.10.2019 околу 23.50 часот на патот Куманово - Крива Паланка, М.Р.(22) од Куманово, кој управувал патничко возило „пежо", со кумановски регистарски ознаки, изгубил контрола и излетал од коловозот. Во незгодата, со тешки телесни повреди се здобиле М.Р. и сопатничките А.С.(22) и А.Д.(23), сите од Куманово, и биле пренесени во болницата во Куманово за укажување лекарска помош. Увид на местото на настанот извршила екипа од СВР Куманово.

Во периодот од 22.00 часот на 05.10 до 04.00 часот на 06.10.2019 на подрачјето на СВР Струмица била спроведена акциска контрола, со цел откривање на возачи кои управуваат возила под дејство на алкохол. Притоа, кај **20** возачи било констатирано присуство на алкохол и тие биле соодветно санкционирани.

На 06.10.2019 во 13.30 часот на магистралниот пат кај Св.Еразмо, охридско, се случила сообраќајна незгода во која учествувале патничко моторно возило „мерцедес", со струшки регистарски ознаки, управувано од Ќ.И.(55) од с.Велешта, струшко, и велосипед управуван од Ј.А.(61) од Охрид. Во незгодата, со тешки телесни повреди се здобил велосипедистот и бил пренесен во болницата „Св. Еразмо" за укажување на лекарска помош. Извршен бил увид на местото на настанот од екипа од СВР Охрид.

Полициски службеници од СВР Битола на 04, 05 и 06.10.2019 извршиле контрола за алкохол, брзина, управување без возачка дозвола, нерегистрирани возила, непочитување првенство. Притоа, констатирано е дека под дејство на алкохол управувале **42** возачи, кои биле исклучени од сообраќај, **34** возачи управувале возило без возачка дозвола, **14** возила биле нерегистрирани, брзината ја надминале **66** возачи, **четири** возачи зборувале на мобилен телефон додека управувале возило. За сите прекршоци изречени се соодветни казни.

На 06.10.2019 во 21.50 часот во Полициската станица Центар, С.М.(20) од Битола пријавила дека на ул.„Димитрие Чуповски" била касната од куче скитник во пределот на десната рака.

На 06.10.2019 во 20.30 часот во Полициска станица Чаир, Р.Б.(60) од Скопје пријавил дека околу 20.00 часот се вратил дома неговиот брат М.Б.(56), за кој беше пријавено дека на 02.10.2019 се оддалечил од домот.

На 06.10.2019 во 18.15 часот во Полициската станица Кисела Вода, Т.Х.(56) од Скопје пријавил дека на ул.„Вера Јоциќ" бил каснат од куче скитник во пределот на левата потколеница.

На 07.10.2019 околу 00.30 часот во близина на клучката за тетовското село Камењане, полициски службеници на Секторот за внатрешни работи Тетово го лишиле од слобода 31-годишниот В.С. од гостиварско Чегране, кој управувал патничко возило „фолксфаген пасат" со гостиварски ознаки, затоа што при преглед кај него била пронајдена марихуана. В.С. бил задржан во Полициската станица Тетово и по целосното документирање на случајот ќе му биде изготвен соодветен поднесок.

На 04.10.2019 полициски службеници од Единицата за недозволена трговија при СВР Скопје го привеле Ф.П.(25) од Скопје затоа што при претрес во неговиот дом во централното градско подрачје, извршен со судска наредба, биле пронајдени и одземени марихуана, пиштол „ЦЗ", ловна пушка, две рамки од огнено оружје и куршуми. Извршен бил претрес и во домот на неговиот татко во населбата Црниче и била пронајдена марихуана. По целосно документирање на случајот ќе биде поднесен соодветен поднесок.

Полициски службеници од СВР Штип ги лишиле од слобода А.Д.(19) и Д.А.(22), двајцата од Пробиштип поради сомнение за сторено кривично дело „лажно пријавување на кривично дело". Имено, на 01.10.2019 во Полициската станица Пробиштип, А.Д., вработен во АД „Пошта на Северна Македонија" – Пошта Пробиштип, лажно пријавил дека околу 08.40 часот во близина на „Аква парк" во Пробиштип непознат сторител физички го нападнал и му одзел пари. По преземени мерки и судска наредба, на 03.10.2019 полициски службеници од СВР Штип извршиле претрес на три локации во Пробиштип, при што биле пронајдени парите, како и амфетамин. Во врска со овој настан, на службен разговор во Полициската станица Пробиштип бил повикан и Б.З.(26) од Пробиштип. По целосно документирање на случајот, против лицата ќе биде поднесена соодветна кривична пријава.

Секторот за внатрешни работи Струмица во координација со Секторот за гранични работи – Регионалните центри за гранични работи Исток и Југ, до Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција – Скопје, поднесе кривична пријава против Д.М.(22) од Богданци и И.С.(39) од с.Селемли, општина Богданци, поради постоење на основи на сомневање дека сториле кривично дело „криумчарење мигранти". На 06.10.2019 во 11.15 часот на местото викано „Крива река" во Струмица, во патничко возило „цитроен џампер", со скопски регистарски ознаки, во кое биле пријавените, биле пронајдени 27 лица – мигранти (11 од Авганистан и 16 од Пакистан.

На 06.10.2019 на бул.„Гоце Делчев" во Прилеп, патничко возило „БМВ" со прилепски регистарски ознаки, управувано од Г.Р.(26) од Прилеп, излетало од патот. Во незгодата со тешки телесни повреди се здобил совозачот С.Д.

(48), додека возачот се здобил со телесни повреди. Тие биле пренесени во болницата во Прилеп за укажување на лекарска помош. Увид на местото извршила екипа на Полициската станица Прилеп.

Во текот на изминатата недела (30.09-07.10.2019) на подрачјето на Секторот за внатрешни работи Куманово преземени се мерки и активности и констатирано е дека 32 возачи управувале возила со брзина поголема од дозволената, од сообраќај се исклучени 85 возачи (46 возачи кои управувале под дејство на алохол и 39 возачи управувале возила пред да се стекнат со право за управување на моторно возило). Од сообраќај се исклучени 25 возила бидејќи биле нерегистрирани и три технички неисправни. Санкционирани се 18 поради некористење сигурносен појас, 24 поради користење мобилен телефон за време на управување на моторно возило, четири возачи поради непрописно престројување и едно возило поради претовар. Во текот на изминатата недела издадени се 392 мандантни платни налози, 139 прекршочни платни налози и 64 возила се подигнати со специјално возило „пајак".

На 06.10.2019 околу 11.00 часот во СВР Скопје, В.М.(33) од Скопје пријавил дека пред ресторан на ул.„Е.П.Марко",бил нападнат со остар предмет од С.К.. Се преземаат мерки за целосно расчистување на случајот.

На 07.10.2019 во 02.00 часот во СВР Скопје, Д.А.(50) и Н.Г.(45), двајцата од с.Шишево, скопско, пријавиле дека на 05.10.2019 во 23.55 часот на булевар ,,Илинден'', по претходна расправија, физички биле нападнати нивните малолетни деца на возраст од 14 и 16 години од неколку лица. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 06.10.2019 во 02.30 часот во СВР Скопје било пријавено дека во 01.30 часот пред угостителски објект на ул.,,Благоја Стефковски'', поради меѓусебно нетрпение, настанала физичка пресметка помеѓу Д.К.(41) од Скопје и А.Б.(59) од Скопје. Сочинети се записници за констатиран прекршок по член 6 и член 11 од Законот за прекршоците против јавниот ред и мир.

На 07.10.2019 во 06.20 часот во Полициската станица Прилеп било пријавено дека во куќа сопственост на М.Р. на ул.„11-ти Октомври" во Прилеп настанал пожар во кој била зафатена кровната конструкција. Повредени лица нема.

На 07.10.2019 во 01.00 часот во Полициската станица Кисела Вода, Ј.С.(79) од Скопје пријавила дека од дома се оддалечил нејзиниот син Љ.С.(54), лице со психички проблеми. Тој и претходно се оддалечувал од домот и бил пронаоѓан. Се преземаат мерки за пронаоѓање на лицето.

На 06.10.2019 во 19.30 часот на ул.„Илинденска" во с.Велгошти, охридско, патничко моторно возило „лада нива", со охридски регистарски ознаки, управувано од В.Д.(57) од с. Велгошти, удрило во пешаците Ц.С.(26), Ј.С.(24) и дете. Во незгодата со тешки телесни повреди се здобил Ц.С., а со

телесни повреди се здобила Ј.С. и биле пренесени во болницата „Св.Еразмо" за укажување на лекарска помош. Додека, кај детето не биле констатирани повреди. Извршен бил увид на местото на настанот од екипа од СВР Охрид.


МИНИСТЕРСТВО

» Министер (/profilepage/minister)

» Заменик министер (/profilepage/zamenik-minister)

» Државен секретар (/profilepage/drzhaven-sekretar)

» Биро за јавна безбедност (/page/biro-za-javna-bezbednost)

АНАЛИЗИ И СТАТИСТИКИ

» Сообраќај (/analizistatistiki/soobrakjaj)

» Јавен ред и мир (/analizistatistiki/javen-red-i-mir)

» Гранични работи (/granichni-premini)

» Криминалитет (/analizistatistiki/kriminal)

ИНСТИТУЦИИ

» Влада

инте

» Претседател

» Собрание

» Јавно обвинителство (http://www.jorm.org.mk/)

» Центар за обука (/profilepage/pomoshnik-minister-co)

ОСТАНАТИ ЛИНКОВИ

» Фото галерија (/foto-galerii)

» Видео галерија (https://www.youtube.com/user/MV

» Закажување со лични документи (/kontakt-centar)

» Адреси и контакт телефони (/Upload/Documents/Adresi-i-kontakt-telefoni.pdf)

» Архива (http://www.mvr.gov.mk/DesktopDe tabindex=0&tabid=127)

МАКЕДОНИЈА БЕЗ КОРУПЦИЈА

Секој упад и злоупотреба на веб страницата на МВР е казнив по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија



Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје.

тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 е-пошта: kontakt@moi.gov.mk



Изработено од Унет

(https://www.facebook.com/makedonskapolicija/) (https://www.youtube.com/user/MVRMacedonia1231)